**ЗАПИСНИК**
**од четириесеттата (вонредна) седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 27.12.2019 година**

На четириесеттата (вонредна) седница на Советот на општината која се оддржа со почеток во 16 часот присуствуваа 17 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** согласно член 32 од Статутот ја стави на гласање оправданоста на вонредната седница и **Советот со 17 гласа за ја прифати вонредноста за оддржување .**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори четириесеттата (вонредна) седница на Совет на Општина Гевгелија.

За работа на четириесеттата (вонредна) седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Давање мислење по основ на барањето на Министерството за економија за истражување на минерални суровини-аловијално злато на локалитетот "Конска река"

Претседателот на Совет го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 17 гласа за го усвои.**

**Точка 1. Давање мислење по основ на барањето на Министерството за економија за истражување на минерални суровини-аловијално злато на локалитетот "Конска река".**

Претседателот отвори претрес по мислењето и во претресот учествуваа:**Сашо Поцков Градоначалник на општината ,Ристо Камов ,Ристо Ѓоргиев членови на Совет .**

**Тодор Ристов Претседател на Совет** како заклучок предложи истото мислење негативно што е доставено од страна на Градоначалникот до Министерството за економија да биде доставено и од име на Советот на општината и **Советот со 17 гласа за го усвои овој Предлог-Заклучок.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори четириесеттата вонредна седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Тодор Ристов с.р.**